2011

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ НА ЗАДОВОЛСТВОТО НА КОРИСНИЦИТЕ ОД УСЛУГИТЕ НА ПОШТЕНСКИТЕ ОПЕРАТОРИ

*Задоволството на корисниците на поштенските услуги за нас претставува најважен показател за успешното работење. Тоа е темел и двигател на досегашните и идни потфати на Агенцијата за пошти и на сите даватели на поштенските услуги.*

*Со ова истражување на задоволството на корисниците од услугите на поштенските оператори, ние како регулатор на поштенскиот пазар, сакаме да ги слушнеме ставовите и оценките на корисниците.*

*Одговорите на корисниците на поштенските услуги, без разлика дали се позитивни или негативни, нам ни ја рефлектираат моменталната состојба на поштенскиот пазар, ни помагаат навремено да реагираме по одредени прашања и влијаат на нашето планирање на идните активности преку кои целиме кон поефикасно обезбедување на поштенските услуги.*

Агенцијата за пошти изврши истражување на задоволството во 2011 година во период од 5 ноември до 30 ноември 2011 година.

Анкетирање и собирање на податоци е извршено по пат на интервјуирање - лице во лице и тоа 800 физички и правни лица по случаен избор.

Опфатени четири региони (Скопје и околина, Северозападна Македонија + Куманово, Југозападна Македонија, Централна и Источна Македонија) во урбани и рурални средини.

**Цел** на истражувањето е утврдување на степенот на задоволството на корисниците од обезбедувањето од услуги на поштенските оператори, во поглед на цена, на достапност и брзина.

# ЗАКЛУЧОЦИ :

- Генерален заклучок е дека на 61% од корисниците им е многу важно да ги примат и испратат поштенските пратки, и исто така 61% од испитаниците очекуваат поштенската пратка да биде доставена во рок од еден ден.






- Една третина од испитаниците неколку пати годишно ги користат услугите на Македонска пошта, додека **9%** никогаш не ги користат  услугите на Македонска пошта.



- Според податоците, повеќе од една третина од вкупниот обем на услугите кои се користат припаѓа на **писмата**, додека пак 26% на поштенско - банкарски и финансиски услуги.



- Вкупно 74% од испитаниците ги испраќаат своите пратки во поштенски единици, за чија близина 43% од корисниците се задоволни.






- 42% од испитаниците се задоволни од добриот однос на вработените во Македонска пошта.



- Во однос на **достапноста на поштенските сандачиња од Македонска пошта,** дури **74%** се негативни што покажува голем степен на незадоволство.



- На прашањето дали сте запознаени со кампањата на Агенцијата за пошти за **поштенските сандачиња за секој дом,** одговорот е следен:



- Дури 75% имаат поставено куќно сандаче пред нивното место на живеење.



- Околу доставувањето на промотивни материјали во нивните сандачиња 63% од популацијата имаат позитивен став .



- 74 % од популацијата која ја користи услугата пакет немаат достава на домашна адреса.



- На прашањето кој поштенски оператор најмногу го користат, односно чии услуги, корисниците со **57%** се одлучиле за Македонска пошта.



- Поднесување на рекламации во случаи на изгубени, оштетени или ограбени поштенски пратки анкетирањето покажа дека корисниците многу слабо поднесуваат рекламации; дури **86% не поднесле ниту една рекламација.**



- На прашањето дали знаат да покренат рекламациона постапка кај давателот и жалба до Агенцијата за пошти, корисниците се изјаснија дека **не знаат** и тоа со 86%.



- **28%** од анкетираните лица се информирале за услугите на Македонска Пошта преку нејзините шалтери.



- Податоците добиени од истражувањето на задоволството на корисниците, Агенцијата за пошти ќе ги анализира потемелно и ќе настојува да се фокусира на суштинските проблеми.

# Ви благодариме на вниманието!

## *Среќни празници!*

## Агенција за пошти

